# Препорака

За Христина Нунеска

Ученик во СОЕПТУ ,,Кузман Јосифоски-Питу"- Прилеп

Голема чест и привилегија во својот живот е да се има личност како Христина Нунеска, за која ја пишувам оваа препорака.

Како соиграч во одбојкарскиот клуб ,,Феникс" можам да кажам дека пред се е лојална, истрајна, храбра, толерантна, исклучителен спортист, соиграч на кого можеш да сметаш не само на терен, туку и кога и да ти затреба помош за било што.

Познавајќи ја надвор од спортската сала, Христина е другарка на која можам да се потпрам во било кое време. Секогаш подготвена да помогне, да сослуша, да посоветува иако е помала од мене. Преку нашите разговори согледав дека има напредни размислувања и свои ставови за нештата што ја опкружуваат и овој свет, што во денешно време е навистина реткост.

Накратко, Христина е млад човек кој знае што сака да постигне во животот и напорно работи за да ги оствари своите цели и замисли со своја пот.

Се надевам дека ќе и дадете можност да ги истакне своите знаења и способности и верувам дека ќе Ве восхити со истите.

Со почит,

Маја Димоска

Студент на Филошки факултет при универзитет

,,Св. Кирил и Методиј" Скопје

_______________